Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

## од Сто триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2019 година

Скопје, мај 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2019 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички

работи и Александар Петровски, управител на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асаф Адеми, министер за култура, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

✓ Усвојување на Записникот од 129-та седница на Владата, одржана на 9.4.2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО

  - Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО за периодот октомври 2018 година - мај 2019 година, со Полугодишен извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно

земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со текст на Нацрт-договор

2. Информација за Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година, Годишна сметка за 2018 година и Ревизорски извештај за финансиското работење, изготвен од независниот ревизор Друштво за ревизија Аудит Македонија ДОО Скопје, со Предлог-одлука

3. Информација со Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

4. Годишен извештај за работењето, Годишна сметка и финансиски извештаи за 2018 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки

5. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Предлог-одлука

6. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" - Пробиштип

7. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

10. Информација за електронско поврзување на 76 матични подрачја со електронскиот матичен регистар на Управата за водење на матичните книги и план за целосна дигитализација на регистрите во Управата

11. Барање согласност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кавадарци за расходување на движни ствари кои се застарени и неупотребливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Предлог-национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2019 и 2020 година, со Акциски план

14. Информација во врска со одржување на XX-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД - Скопје (XIII-то Годишно собрание), закажана за 20 мај 2019 година, со почеток во 11:00 часот

15. Информација за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2019 година

16. Информација во врска со евалуацијата на понудите за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи, со Предлог-одлуки

17. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за соработка на полето на животна средина меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за одржлив развој и туризам на Црна Гора

18. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и Министерството за води и шуми на Романија за соработка на полето на заштита на животната средина, климатски промени и водни ресурси

**в) политички систем**

19. Информација за прогресот во модернизација на ИТ системи во Министерството за внатрешни работи, како предуслов за размена на веб сервиси

**г) човечки ресурски и одржлив развој**

20. Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации (РИСЗ), за периодот јуни 2018 година-февруари 2019 година

21. Информација за прогресот на активности во реализација на Акцискиот план за проектот „Фузионирање на здравствени домови со општи болници во општините каде тоа е потребно“

22. Информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

23. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП)2019/87 на Советот од 21 јануари 2019 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

24. Барање на Месут Озтурк за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

25. Барање на Сејфеттин Куртиш за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**г) човечки ресурски и одржлив развој**

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани

27. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Вевчани

28. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје

29. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура - Битола

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

30. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.57532 за КО Центар 2 на КП бр.265 викано место/улица Железничка

**д) други предлози**

31. Кадровски прашања

32. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

33. Извештај за реализацијата на судскиот буџет за 2018 година

34. Информација за направени трошоци за сервисирање на блиндирани патнички моторни возила сопственост на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

35. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година

36. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година

37. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година

38. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2018 година, со дополнување

39. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2018 година

40. Акциски план за реализација на препораките од Државниот завод за ревизија по однос на ревизијата на Финансиските извештаи за сметката на основен буџет 637 и ревизијата на усогласеност за 2017 година и Акциски план за реализација на препораките од Државниот завод за ревизија по однос на ревизијата на Финансиските извештаи за сметката на самофинансирачки активности 787 и ревизијата на усогласеност за 2017 година

41. Информација за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија

42. Извештај за работата на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност за 2018 година

43. Акциски план за степенот на постапување по однос на препораките наведени во ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2017 година, спроведена од Државниот завод за ревизија, како и роковите за нивно спроведување на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје

44. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Изградба на карго аеродром во Штип“

45. Информација за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами) Домашна посета и Домашен лекар“

46. Информација за реализација на активностите за имплементирање на дел од мерките за намалување на мајчина и новороденечка смртност за 2018 година

47. Годишен извештај за работата на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување за 2018 година, со дополнување

48. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2018 година

49. Информација за реализација на активностите од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2015-2019) во 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

50. Информација за нивелација на платите на вработените во институциите од областа на културата по дејности

51. Информација за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни - монтажни гаражи во комплекс Клиники Мајка Тереза Скопје, со Предлог-одлука

52. Информација за тек и прогрес на проектот „Изградба на нов Ургентен центар за Општа болница Куманово“ и одобрување на нова динамика за плаќање

53. Информација за текот и прогресот на Проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје и одобрување на нова динамика на плаќање

54. Информација за тек и прогрес на проектот „Реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица“ и одобрување на нова динамика на плаќање

55. Информација од претседавачот на Координативното тело во врска со ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведена арбитражна постапка од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија

56. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2019 година

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 129-та седница на Владата, одржана на 9.4.2019 година.

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО**

    - Информација со предлог за разгледување и одобрување на Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО за периодот октомври 2018 година - мај 2019 година, со Полугодишен извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО за периодот октомври 2018 година - мај 2019 година, со Полугодишен извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за продолжување на реформите за интеграција во НАТО со соодветен англиски превод да го достави до земјите членки на НАТО и службите на Алијансата.

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со заклучок Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го усогласи текстот на Нацрт-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година, Годишна сметка за 2018 година и Ревизорски извештај за финансиското работење, изготвен од независниот ревизор Друштво за ревизија Аудит Македонија ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Годишниот извештај за работењето, Годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Ревизорски извештај ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје во 2018 година,

2. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје и

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2018 година, во предложените текстови.

Истовремено, Владата го разгледа Финансискиот извештај за 2018 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Исто така, Владата му укажува на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија после објавувањето на Законот за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија и Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да ја спроведе постапката за купопродажбата на деловниот простор со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 5**

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, во предолжениот текст.

Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати да бидат на товар на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

## Точка 8

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам и ја донесе Одлуката со заклучок во член 2 наместо зборот „гувернер'" да стои „вицегувернер".

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за електронско поврзување на 76 матични подрачја со електронскиот матичен регистар на Управата за водење на матичните книги и план за целосна дигитализација на регистрите во Управата, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата и препорача на Управата за водење на матичните книги да ја искористи законската можност 20% од останатите средства да ги пренамени за купување на потребната опрема, а при следното буџетирање да ги пренамени и другите преостанати средства и истите да бидат искористени во тековната 2019 година.

## Точка 11

Владата го разгледа Барањето на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Кавадарци согласност за расходување на движни ствари кои се застарени и неупотребливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2019 и 2020 година, со Акциски план, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на XX-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД - Скопје (XIII-то Годишно собрание), закажана за 20 мај 2019 година, со почеток во 11:00 часот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Валентина Старделова, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ГА-МА АД - Скопје, да присуствува на XX-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД - Скопје (XIII-то Годишно собрание), закажана за 20 мај 2019 година, со почеток во 11:00 часот. Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести ГА-МА АД - Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на XX-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД - Скопје (XIII-то Годишно собрание), закажана за 20 мај 2019 година, со почеток во 11:00 часот.

3. По однос на делот насловен како Процедурален дел (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА“ и тоа по однос на точките:

1. Избор на претседавач на Собранието,
2. Верификација на списокот на присутни акционери, односно полномошници на акционери,
3. Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување (кворум) на Собранието на друштвото и
4. Избор на бројач/и на гласови.

4. По однос на делот насловен како Работен дел, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

- За точка 1:

- подточка 1.1:
    - да гласа „ЗА“, по однос на Предлог-одлуката за усвојување на Годишната сметка и ревидираните Финансиските извештаи на Дроштвото за 2018 година,
    - да гласа „ЗА“, по однос на Предлог-одлуката за распоредување по Годишна сметка на Друштвото и
    - да гласа „ЗА“, по однос на Предлог-одлуката за плаќање на дивиденда по Годишна сметка на Друштвото за 2018 година (Дивиденден календар).

- подточка 1.2:
    - да гласа „ЗА“, по однос на Предлог-одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Одборот на директори за работењето на ГА-МА АД - Скопје во 2018 година.

- подточка 1.3:
    - да гласа „ЗА“, по однос на Предлог-одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од извршената контрола над управувањето со Друштвото и изјаснување за резултатите од извршената ревизија на финансиските извештаи во 2018 година и
    - да гласа „ЗА“, по однос на Предлог-одлуката за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2018 година.

- За точка 2:

- да гласа „ВОЗДРЖАНО“, по однос на Предлог-одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.

**<u>Точка 15</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2019 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2019 година, најдоцна во рок од 30 дена.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Сапунчица“ слив на Црна река, со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

2. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Жировница“ слив на река Жировница, со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

3. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Јабланица 1“ слив на река Црн Дрим, со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

4. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Орашје 1“ слив на река Вратничка, во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Елевска“ на река Елевска, во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Јеловска“ на река Јеловачка, во предложениот текст.

7. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Јуручка“ на река Јуручка, во предложениот текст.

8. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа на река Кадина слив на река Вардар, во предложениот текст.

9. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Дуфска река 2“ слив на река Вардар, во предложениот текст.

10. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Дуфска река 1“ слив на река Вардар, во предложениот текст.

11. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали

хидроелектрични централи „Баров дол“ и „Папрад“ слив на река Дошница, во предложениот текст.

12. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Боговињска“ слив на река Вардар, во предложениот текст.

13. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Маздрача“ слив на река Вардар, во предложениот текст.

14. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Воденица“ на Крива река, во предложениот текст.

15. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Бачишка река 3“ слив на Крива река, во предложениот текст.

16. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Сливничка“ слив на река Сливничка, во предложениот текст.

17. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Коча“ слив на Голема река, во предложениот текст.

18. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Присовјанска“ слив на Голема река, во предложениот текст.

19. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Голема река 1“ слив на Голема река, во предложениот текст.

20. Новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Голема река 2“ слив на Голема река, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи пред потпишување на одлуките Комисијата за подготвување, организирање и спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 22 мали хидроелектрични централи да

се состане и текстот од евалуационата табела наративно да го прикаже во текст потпишан од членовите на Комисијата.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за соработка на полето на животна средина меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за одржлив развој и туризам на Црна Гора и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка на полето на животна средина меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за одржлив развој и туризам на Црна Гора.

2. Се овластува Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, да го потпише Договорот за соработка на полето на животна средина меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за одржлив развој и туризам на Црна Гора.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и Министерството за води и шуми на Романија за соработка на полето на заштита на животната средина, климатски промени и водни ресурси и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и Министерството за води и шуми на Романија за соработка на полето на заштита на животната средина, климатски промени и водни ресурси.

Притоа, Министерството за животна средина и просторно планирање до потпишувањето на Меморандумот, доколку постојат услови, да го усогласи текстот на Меморандумот со романската страна согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

2. Се овластува Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и Министерството за води и шуми на Романија за соработка на полето на заштита на животната средина, климатски промени и водни ресурси.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот во модернизација на ИТ системи во Министерството за внатрешни работи, како предуслов за размена на веб сервиси и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерсвото за внатрешни работи на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот во модернизацијата на своите ИТ системи, како предуслов за размена на веб сервиси.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации (РИС3), за периодот јуни 2018 година - февруари 2019 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја разгледа можноста и во рок од 20 дена да подготви и достави допис до претставниците на донаторската заедница во Република Северна Македонија (амбасади, странски развојни организации, развојни банки и слично) кои финансирале проекти поврзани со областа која ја покрива смарт специјализацијата и да побара истите да овозможат пристап до податоците и анализите изработени во рамките на нивните финансирани проекти.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во рамките на својот буџет да предвиди финансиски средства за реализација на активностите во процесот на подготовка на Стратегијата за паметна специјализација.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука до Секретаријатот за европски прашања да достави барање за проценка на трошоците потребни за развивање на Стратегија за паметна специјализација.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализација на Акцискиот план за проектот „Фузионирање на здравствени домови со општи болници во општините каде тоа е потребно“, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство еднаш годишно да ја информира Владата за прогресот на активности за реализација на Акцискиот план за проектот „Фузионирање на здравствени домови со општи болници во општините каде е тоа потребно“.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189 и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за здравство да подготвува и на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, се до завршување на проектот.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП)2019/87 на Советот од 21 јануари 2019 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа Барањето на Месут Озтурк за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 25**

Владата го разгледа Барањето на Сејфеттин Куртиш за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењата на Министерството за економија и Министерството за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Вевчани, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура - Битола, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје, да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 30

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.57532 за КО Центар 2 на КП бр.265 викано место/улица Железничка и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 31

1. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, за член на Управниот одбор на друштвото да го избере Ремзи Абдулахи.

2. Владата на Стево Пендаровски му утврди престанок на функцијата Национален координатор за подготовка на Република Северна Македонија за членство во НАТО, поради избор на друга должност.
Истовремено, Владата заклучи до полноправното членство на Република Северна Македонија во НАТО, обврските на националниот координатор за подготовка на Република Северна Македонија за членство во НАТО, да ја извршува Дане Талески, посебен советник за надворешни работи во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 32

**1.** По повод уписите во училиштата Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Во било кое училиште можат да се запишат исклучиво деца кои се вакцинирани и за тоа имаат соодветен документ/потврда.

2) Во сите училишта да се примаат пријавите за упис во училиштата и на оние деца кои не се вакцинирани, но да не се врши упис на истите се додека не биде приложен соодветен документ/потврда за вакцинација.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 6 мај 2019 година до 12 мај 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата им препорачува на единиците на локална самоуправа при утврдување на висината на трошоците за комунално уредување на градежното земјиште за изградба на електроцентрали кои согласно Законот за енергетика се објекти од јавен интерес, да ги усогласат согласно вообичаените висини и големини, односно истите комунални трошоци при изградбата на фотонапонски електроцентрали да не надминуваат 30 денари/м2, додека за ветерни електроцентрали највисоката вредност да изнесува 1.200.000 денари за секоја единица (турбина).

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализацијата на судскиот буџет за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за направени трошоци за сервисирање на блиндирани патнички моторни возила сопственост на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 35

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 36

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 37

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.10.2018 до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Исто така, се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје при доставувањето на следниот тромесечен финансиски извештај за период од 1.1.2019 до 31.3.2019 година, да достават и дополнителна табела во која ќе бидат наведени сите обврски кон доверителите со датум на рочност на обврските, како и табела во која ќе бидат наведени најстарите обврски со датум на рочност и образложение кога ќе се подмират истите.

## Точка 38

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2018 година, со дополнувањето кон истиот, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во соработка со Државниот инспекторат за земјоделство, Царинската управа и Управата за јавни приходи да направат теренски контроли на површините во однос на насадите што се декларирани, а постои енорморно зголемување на земјоделската површина во споредба со минатите години, исто така да се направи контрола колку и каде е пласиран производот од контролираните земјоделски површини и дали е со соодветна пропратна документација (царинска декларација, кои се купувачи на производите), како и да се утврди кои се финансиските ефекти од субвенциите за контролираните земјоделски површини.

Извештајот за овие контроли да се достави до Владата во рок од 60 дена.

## Точка 39

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 40

Владата ги разгледа новите текстови на Акцискиот план за реализација на препораките од Државниот завод за ревизија по однос на ревизијата на Финансиските извештаи за сметката на основен буџет 637 и ревизијата на усогласеност за 2017 година и Акцискиот план за реализација на препораките од Државниот завод за ревизија по однос на ревизијата на Финансиските извештаи за сметката на самофинансирачки активности 787 и ревизијата на усогласеност за 2017 година, како материјали за информирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа Акцискиот план за степенот на постапување по однос на препораките наведени во ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2017 година, спроведена од Државниот завод за ревизија, како и роковите за нивно спроведување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство на шест месеци до Владата да доставува извештај за реализација на активностите наведени во Акцискиот план на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје, на дадените препораки од Конечниот извештај од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Изградба на карго аеродром во Штип", како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи да престане обврската на Министерството за транспорт и врски за доставување „Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот - Изградба на карго аеродром во Штип" до Владата.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами) Домашна посета и Домашен лекар", како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите за имплементирање на дел од мерките за намалување на мајчина и новороденечка смртност за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување за 2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување да подготви Стратегија за заштита на децата од насилство и злоупотреба 2020-2024 со Акциски план 2020-2021 и да ја достави до Владата, најдоцна до 31.10.2019 година.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Министерството за здравство да доставуваат податоци за евидентирани деца жртви на насилство на годишно ниво до Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, најдоцна до 15 февруари во тековната за претходната година.

**Точка 48**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2015-2019) во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за нивелација на платите на вработените во институциите од областа на културата по дејности и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии до крајот на тековната 2019 година да обезбеди финансиски средства во износ од 104.413.953,00 денари, наменети за плати на вработените во

националните и локалните установи од областа на културата, почнувајќи од платата за месец април.

2. Се задолжува Министерството за култура при подготовката и носењето на колективниот договор, како потписник на тој договор да го има во предвид максималниот износ од 161.425.252,00 денари на годишно ниво.

**<u>Точка 51</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни - монтажни гаражи во комплекс Клиники Мајка Тереза Скопје, со Предлог-одлука и го усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни - монтажни гаражи во комплекс Клиники „Мајка Тереза" - Скопје со заклучок истата да се преработи согласно расправата на седницата на Владата.

2. Се задолжува Министерството за здравство по формирањето на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, пред објавувањето на јавниот оглас до Владата да ја достави тендерската документација за разгледување за понатамошно пуштање во постапка на јавна набавка.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за тек и прогрес на проектот „Изградба на нов Ургентен центар за Општа болница Куманово" и одобрување на нова динамика за плаќање, условно ја усвои Информацијата и ја одобри промената на динамиката на плаќање на Договорот за „Изградба на нов Ургентен центар за Општа болница Куманово", согласно обезбедените и расположливи средства, од сопствени средства на Министерството за здравство за 2019 година, во износ од 14.500.000,00 денари со ДДВ, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по материјалот.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на Проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски" - Скопје и одобрување на нова динамика на плаќање, условно ја усвои Информацијата и ја одобри промената на динамиката на плаќање за Договорот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски" - Скопје и тоа:

- 45,5 милиони денари со ДДВ за буџетската 2019 година и

- 80 милиони денари со ДДВ за буџетската 2020 година,

согласно обезбедените и расположливи средства во Буџетот на Министерството за здравство за 2019 година, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за тек и прогрес на проектот „Реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица“ и одобрување на нова динамика на плаќање, условно ја усвои Информацијата и ја одобри промената на динамиката на плаќање за Договорот за реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица и тоа:

Средства од буџет на Република Северна Македонија:
- 33.000.000 денари во 2019 година и
- 37.000.000 денари во 2020 година и

Сопствени средства на Министерство за здравство:
- 35.000.000 денари во 2019 година и
- 35.000.000 денари во 2020 година,

согласно обезбедените и расположливи средства во буџетот на Министерството за здравство за 2019 година, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело во врска со ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведена арбитражна постапка од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот во врска со избор на адвокатска куќи и тоа:

Во арбитражната постапка во предметот (ICSID case no. ARB/19/9) поведена врз основа на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, склучен помеѓу Република Северна Македонија и Украина, ратификуван на 28 април 1998 година од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија, како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа WHITE&CASE.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од три дена, да ја информира адвокатската куќа дека е избрана за правен застапник во арбитражната постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија предмет заведен под број ICSID case no. ARB/19/9.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои адвокатската куќа WHITE&CASE се овластува да ја застапува Република Северна Македонија во арбитражна постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија предмет заведен под број ICSID case no. ARB/19/9.

Министерот за правда, д-р Рената Дескоска, се иззема од расправата и олучувањето по оваа точка.

<u>Точка 56</u>

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2019 година и ја донесе Одлуката со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Кочо Анѓушев